ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-7761/1
Дата, Data 12-06-2018
СКОПЈЕ • ShKUP

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16 и 64/18), член 31, став 1, точка 21 од Статутот на Јавното претпријатие Водовод и канализација – Скопје бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018, како и согласно член 5, став 8 од Договорот за спроведување на ИПА Проектот „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во градот Скопје", Директорот на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје донесе :

# О Д Л У К А
## за формирање на Проектна единица за имплементација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје"

### Член 1
### Формирање на Проектна единица за имплементација

Со оваа одлука се формира Проектна единица за имплементација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје" (во натамошниот текст-Проектот), чија дејност ќе биде подготовка и спроведување на Проектот. Проектната единица за имплементација е одговорна за координирање, навремено и целосно исполнување на активностите поврзани со подготовката и спроведувањето на Проектот.

Проектната единица е од времен карактер и трае до завршување со имплементација со Проектот.

### Член 2
### Членови на Проектната единица за имплементација

Проектната единица за имплементација на Проектот ќе се формира со следните членови:

1) Раководител на Проектната единица за имплементација - именуван од директорот на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје,
2) Четири члена на Проектната единица за имплементација на Проектот - именувани од директорот ЈП „Водовод и канализација" - Скопје,
3) Лице за административна поддршка на Проектната единица за имплементација - назначен од директорот на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје,

По номинирање на членовите Директорот на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје ќе донесе Решение за именување на раководител и членови на Проектната единица за имплементација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје".

**Член 3**
**Стручни квалификации и услови за номирање и именување на раководителот и членови на Проектната единица за имплементација**

За раководител може да се именува лице кое ги исполнува следните услови:

- Да има завршено високо образование, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на технички факултети;
- Да има стекнато најмалку 5 години работно искуство и најмалку 1 година работно искуство на раководно место;
- Да има искуство во спроведување на меѓународни проекти;
- Да има активно познавање на англиски јазик;
- Да има познавање со работа на компјутери.

За членови на Проектната единица за имплементација од членот 2 став 1 точка 2 од оваа одлука може да се именуваат лица кои ги исполнуваат следните услови:

- Да има завршено високо образование, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на технички, природно математички факултети или економски факултет;
- Да има стекнато најмалку 3 години работно искуство;
- Да има активно познавање на англиски јазик;
- Да има познавање со работа на компјутери.

За член на Проектната единица за имплементација од членот 2 став 1 точка 3 од оваа одлука може да се именува лице кои ги исполнува следните услови:

- Да има завршено најмалку средно образование;
- Да има стекнато најмалку 3 години работно искуство;
- Да има активно познавање на англиски јазик;
- Да има познавање со работа на компјутери.

**Член 4**
**Задачи на раководителот на Проектната единица за имплементација**

1) Раководителот раководи со Проектната единица за имплементација (во натамошниот текст ПЕИ)-преку организирање, планирање, насочување и координирање на активностите на ПЕИ, истовремено предлага политики по прашањата од делокругот на работа на ПЕИ и дава иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми,активно соработува со финансиските институции и консултантите вклучени во подготовка и реализација на проектот. Раководителот е одговорен за координирање и успешно функционирање на ПЕИ, преку навремено и целосно исполнување на своите задачи.
2) Раководителот е одговорен за исполнување на задачите на ПЕИ кои произлегуваат од договорите потпишани во врска со спроведување на Проектот,
3) Раководителот врши контрола, надзор и оценка на работите и задачите спроведувани од ПЕИ и известува за неговата работа,
4) Раководителот обезбедува распределба на обврските и задачите на другите членови на ПЕИ, согласно нивната посебна надлежност,

5) учествува на редовни состаноци за следење на напредокот на реализацијата на Проектот и доколку е потребно подготвува белешка од истиот,
6) Раководителот е одговорен за подготовка на месечни, квартални, годишни и завршен извештај поврзани со работата на ПЕИ, како и други материјали и информации од делокругот на своето работење,
7) Раководителот известува за евентуалните неправилности при спроведувањето на проектот,
8) Раководителот ги обезбедува сите потребни информации поврзани со работата на ПЕИ за вршење на внатрешна и надворешна ревизија за спроведувањето на проектот,
9) Раководителот ќе врши и други работи доверени на ПЕИ согласно договорите потпишани во врска со спроведување на Проектот,
10) Раководителот во своето работење ги почитува барањата за етика и интегритет на работното место.

**Член 5**

**Задачи на Членовите на Проектната единица за имплементација**

1) Членовите на ПЕИ вработени во ЈП „Водовод и канализација" – Скопје му помагаат на Раководителот на ПЕИ во спроведувањето на активностите од својот делокруг на работа и обезбедуваат поддршка на Раководителот во подготвување на месечни, квартални и годишни извештаи за напредокот при спроведување на проектот и завршен извештај за реализација на проектот.

2) Членовите на ПЕИ вработени во ЈП „Водовод и канализација" – Скопје се одговорни за обезбедување на навремени информации до Координаторот, со цел целосно исполнување на активностите поврзани со подготовката и спроведувањето на Проектот.

3) Членовите на ПЕИ вработени во ЈП „Водовод и канализација" – Скопје ќе соработуваат со финансиските институции, со консултантите, ќе работат на спроведување на тендерските постапки, склучување и реализација на договор со изведувачот .

4) Членовите на ПЕИ по потреба учествуваат на редовни состаноци за следење на проектот и подготвуваат кратки белешки по истите, како и по потреба организираат посета на локацијата на проектот

5) Членовите на ПЕИ одговараат пред раководителот на ПЕИ за навремено и квалитетно вршење на својата работа во рамките на своите овластувања и надлежности,

6) Членовите на ПЕИ вршат и други работи доверени од раководителот на ПЕИ, согласно договорите потпишани во врска со спроведување на Проектот,

7) Членовите на ПЕИ во своето работење ги почитуваат барањата за етика и интегритет на работното место.

**Член 6**

**Задачи на Лице за административна поддршка на Проектната единица за имплементација**

1) Обезбедува поддршка на Работната единица во извршувањето на секојдневните административни работи поврзани со подготовката, следењето и спроведувањето на проектот;

2) Се грижи за целокупната документација поврзана со имплементацијата на проектот во согласност со пропишаните правилата;

3) Врши собирање, средување, евидентирање и архивирање на документи и податоци поврзани со проектот;

4) Во своето работење ги почитува барањата за етика и интегритет на работното место;

5) Одговара пред раководителот на проектот за навремено и квалитетно вршење на својата работа во рамките на своите овластувања и надлежностите;

6) Врши и други работи доверени од Раководителот на проектот.

**Член 7**

По номинирањето, Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје ќе донесе решение за назначување на раководителот и членови на Проектната единица за имплементација.

Решението во копија се доставува до сите членови на Работната единица и Раководителот на проектната единица,

Доколку некој член од Работната единица не се согласува да учествува во неа, треба да достави писмено образложение до Директорот на ЈП „Водовод и канализација" во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

Во зависност од обемот на работа на проектната единица, односно ако се појави потреба од ангажирање на нови членови, истите ќе се номинираат со дополнување на решението за назначување на раководителот и членови на Проектната единица за имплементација.

**Член 8**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување.

ЈП Водовод и канализација - Скопје

Директор

м-р Душко Весковски